Архивски знак:
Рок на чување: год.
20 год.
Потпис,

З А П И С Н И К
за извршен инспекциски надзор

Ип 1 бр. 57 - 64
Датум: 29.7.2021 година

1) Податоци за субјектот на инспекцискиот надзор

Назив на субјектот на надзорот	Здружение на граѓани за култура, образование и спорт – Дарданет Еду, Скопје (**во натамошниот текст: Здружение**)
Седиште/адреса на субјектот	
Адреса за е-пошта	
Телефон	
Матичен број на субјектот	
Даночен број на субјектот	
Број на жиро-сметка на субјектот	
Банка депонент	НЛБ АД, Скопје
Одговорно лице на субјектот /	

Име и презиме: овластено лице, претседател	Телефон	Е-пошта

2) Податоци за инспекцискиот надзор

Вид на инспекцискиот надзор	1. РЕДОВЕН	2. **ВОНРЕДЕН**	3.КОНТРОЛЕН
Датум на почеток на инспекцискиот надзор	26.7.2021 г.	Време на почеток на инспекцискиот надзор	10:30 ч.
Датум на завршување на инспекцискиот надзор	27.7.2021 г.	Време на завршување на инспекцискиот надзор	13:30 ч.

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ“ бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

Назив на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	Објект, Нова Македонија – Министерство за култура, Сектор за управен и инспекциски надзор
Главна дејност на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	(-шифра)
Адреса на објектот – инсталацијата каде што се врши надзорот	ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје

3) Инспекцискиот надзор е извршен врз основа на:

-Иницијатива бр. 02-7230/4 од 1.6.2021 година, поднесена од Секторот за дејности од областа на културата и уметноста на МК и Месечниот план за работа на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК за месец јули заведен под бр. 57-13/7 од 02.07.2021 година.

Инспекцискиот надзор е извршен од:

виш инспектор – Раководител на Одделението за инспекциски надзор во МК.

5) Предмет на инспекцискиот надзор:

Предмет: Инспекцискиот надзор се врши од аспект на спроведување на членот 68 од Законот за културата („Сл. весник на РМ” бр. 31/98, 49/2003, 82/2005, 24/2007, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), односно наменското користење на авансно преведените средства од Буџетот на РСМ, преку МК во износ од 60.000 денари, од одобрените 200.000 денари, согласно со Договорот бр. 21-4135/2 од 31.3.2020 година, за учество во финасирање на Проектот – Манифестација „Мултикултурно творештво – Скопје 2020“, од национален интерес во културата од областа на интердисциплинарна дејност за 2020 година, и постапување по обврската од член 68 став (3) од ЗК и член 5 став (1) од Договорот, во рок од еден месец сметано од денот на завршувањето на проектот до МК да биде доставен извештај за реализација што содржи наративен приказ за реализација на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (Образец-Финансиски извештај за реализација на проектот, достапен на веб – страницата на МК), договори, сметки, фактури, конечен финасиски план со сите износи на потрошени

средства и извори на финансирање, како и друга потребна документација (банкови изводи, фото и/или видео документација и слично).

Основ:член 82 став (1) и член 68 од Законот за културата и член 71 став (1) од Законот за инспекцсики надзор („Службен весник на РСМ" бр. 102/2019).

6)Во извршувањето на овој инспекциски надзор:

-не се употребени листи за проверка, од причина што станува за вонреден инспекциски надзор, а истите се задолжителни при редовен инспекциски надзор согласно со член 70 став 3 од Законот за инспекциски надзор.

7) За време на извршувањето на инспекцискиот надзор, субјектот на надзор беше претставуван од:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
, овластено лице, претседател		

8) За време на извршување на инспекцискиот надзор не беа присутни други лица:

Име и презиме	Телефон	Е-пошта
/	/	/

9)Инспекторот кој го изврши инспекцискиот надзор, пред почетокот на надзорот, на субјектот на надзор му ги презентираше целите и предметот/опфатот на вонредниот инспекциски надзор и му ги објасни правата и обврските на субјектот на надзор.

10) Во инспекцискиот надзор се констатирани следниве наоди за утврдената фактичка состојба:

-По поднесената пријава на годишниот конкурс за финансирање на проекти од национален интерес во културата за 2020 г., од областа на интердисциплинарни проекти, заведена под бр. УП1 бр. 21-1930 од 8.11.2019 г., со Решение на министерот за култура УП1 бр. 21-1930/2019 од 14.2.2020 г., прифатен е проектот – Манифестација „Мултикултурно творештво – Скопје 2020" (учество на 15 истакнати ученици од ОУ „Сами Фрашери" од с. Глумово, Општина Сарај, Скопје,

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

коишто членуваат во КУД „Дрита е Дервенит" а под водство на професор по француски во училиштето), поднесен од Здружението, а за финансирање на проектот одобрени се средства во износ од 200.000 денари.

-Врз основа на горецитираното Решение на министерот за култура, склучен е Договор бр. 21-4135/2 од 31.3.2020 година, со којшто се одобрени средства од Буџетот на РСМ во износ од 200.000 денари за реализација на горенаведениот проект.

-Со Барањето за исплата на сите одобрени средства, заведено во писарницата на МК под број 21-8719/1 од 9.9.2020 г., Здружението доставило и Образец за оперативен и финасиски план за користење на одобрените средства за реализација на овој Проект (по намени и износи) кој што е составен дел од Договорот, согласно со член 3 став (2). Во оперативниот и финасиски план се предвидени средства за патни/транспортни трошоци (50.000 денари), хонорар (90.000 денари), техничка опрема (30.000 денари), и услуги (30.000 денари), а наведено е дека проектот ке се одвива во фази и дека се поканети уметници и уметнички групи, локациите на кои ќе се одвива Манифестацијата и терминот на одржување на истата, односно месец септември.

По Барање на МК упатено до Здружението за известување по реализација на проект, на 24.9.2020 г., со Допис бр. 21-9339/1, Здружението го има известено МК дека е планирано реализацијата на проектот да биде почне во м. Септември и дека веќе е доставено Барање за исплата на средства со оперативен и финсиски план за трошењето на одобрените средства како и изјава за наменско користење на истите.

-Со Решение за преведување на средства бр. 21-4135/2 од 25.12.2020 г., на Помошник-раководителот на Сектор, на жиро-сметката на Здружението, авансно се преведени 60.000 денари (Банков извод бр. 14 од 29.12.2020 година).

Според презентираната фото документација, како и изјавата на присутното лице, имајќи предвид дека авансот во износ од 60.000 од страна на МК е исплатен дури на 25.12.2020 година, како и актуелната состојба со пандемијата, сепак Здружението започнало со реализација на проектот со неколку активности во период од септември до декември 2020 година по следната динамика:

– Посета на Францускиот културен центар, со цел запозанавање на децата со француската култура, мода, гастрономија;

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ " бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

- Посета на академијата за мода на моден креатор со четириесет годишна работна кариера во Париз, Франција, а кој што денес живее и работи во Скопје;

-Посета на градот Струга, прошетка и запознавање со карактеристиките на мултикултурното живеење во градот;

- Учество на Манифестацијата „Мултикултурно општество"-фоклорен настап на концертот одржан во ОУ „Дитурија", Општина Сарај;

- Еднодневна прошетка на Попова Шапка;

- Трошење на програмските средства и преземените обврски за реализација на проектот од програма 72 – мултидисциплинарни проекти се прикажани во следната табела:

Ред. Бр.	Доверител	Намена	Трошок	Ненамирени обврски	Забелешка
1.		Материјални трошоци	9.000	/	Подигнати средства во износ од 9.000 денари од жиро сметката на Здружениеот на име материјални трошоци Банков извод бр. 15 од 31.12.2020 г.,
2.	Физичко лице	Хонорар, за организација на проектот	45.000	/	Платено по Договор за организација Банков извод бр. 2 од 4.1.2021 година.
3.	Министерство за финасии – Трезор на РСМ	Персонален данок	5.000	/	Банков извод бр. 2 од 4.1.2021 година.
4.	НЛБ, Банка	Банкарска провизија	790		Банков извод бр. 14 од 31.12.2020, бр. 1 од 2.1.2021, бр. 3 од 1.2.2021 година.
5.	Беса Транс БТБ Дооел	Превоз на релација Скопје-Попова Шапка-Тетово-Скопје	/	52.500	Обрска по –ф-ра 04/2021 г.,

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

6.	Ексклузиве 2007 Дооел	Угостителски услуги	/	30.000	Обврска по ф-ра 01/20 од 29.9.2020 г.,
7.	ДВД Рентал	Изнајмување на техничка опрема	/	30.000	Обврска по ф-ра 12 од 29.9.2020
ВКУПНО			59.790	112.500	
Вкупно цена на чинење на проектот (трошоци и обврски)			172.290 денари		*Обврска на МК 140.000 денари * 219 денари се останати на жиро сметката на Здружението

*Согласно со Договорот, за реализацијата на проектот – Манифестација „Мултикултурно општество – Скопје 2020", МК има преостаната обврска кон Здружението во износ од 140.000 денари. Додека, од утврденото според приложената документација и евиденција реалната цена на чинење на проектот (трошоци и обврски) изнесува 172.290 денари.

- Во однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот, до МК да биде доставен извештај за реализација на проектот во рок од еден месец сметано од денот на реализацијата на проектот, кој содржи наративен приказ за реализција на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (на пропишан образец достапен на веб локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање, утврдено е дека Здружението нема постапено, односно до надлежниот Сектор за дејности од областа на културата и уметностите, нема доставено образец за наративен и финасиски Извештај за реализација на Проектот, со пропратна документација во прилог (банковни изводи, уплатници и договори).

Врз основа на непосредниот увид во горенаведената документација, како и разговорот со присутното лице, утврдено е следното:

- Авансно преведените средства во износ од 60.000 денари, Здружението ги потрошило во функција на проектот, односно наменски, а проектот - Манифестација „Мултикултурно општество – Скопје 2020", е реализиран согласно горенаведената динамика во услови на пандемија. Исто така, утврдено е дека проектот е реализиран со средства во износ од 172.290 денари

Министерство за култура на Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup Republika e Maqedonisë së Veriut
+389 23240 643 и 075/273-066
www.kultura.gov.mk

(трошоци и обврски), односно со помалку средства од одобрените 200.000 денари согласно со Договорот. Дека проектот е реализиран, како доказ при надзорот на увид од страна на присутното лице се презентирани фотографии од одржаните настани, а приложено е ЦД со фотографии.

- Здружението нема постапено по однос на обврската од член 68 став (3) од Законот за културата и член 5 став (1) од Договорот, односно до МК воопшто нема доставено извештај за реализација на проектот кој содржи наративен приказ за реализција на проектот, спецификација за вкупно потрошените средства (на пропишан образец достапен на веб локацијата на МК), договори, сметки, фактури, банковни изводи, конечен финасиски извештај со сите износи на потрошени средства и извори на финасирање.

Согласно со горенаведеното, имајќи го предвид начелото на превенција утврдено во Законот за инспекциски надзор, од страна на инспекторот ќе биде изречена следнава инспекциска мерка:

-ќе биде донесено решение со опомена со коешто ќе биде определен рок за отстранување на неправилноста согласно со член 85 точка 1 од Законот за културата, а во врска со член 79 став (2) т. 6 од Законот за инспекциски надзор („Сл. весник на РСМ" бр. 102/19).

Со оглед дека авансно добиените средства се потрошени наменски, а проектот е реализиран во рокот утврден со Договорот и согласно горенаведената динамика како и со помалку средства одошто е предвидено со Договорот, примерок од Записникот од вонреден инспекциски надзор ќе биде доставен на увид и натамошно постапување до Секторот за дејностите од областа на културата и уметноста.

Доколку по истекот на рокот определен при изрекувањето на инспекциската мерка опомена инспекторот утврди дека неправилностите се уште не се отстранети, со решение изрекува инспекциска мерка наредба согласно со ЗИН.

12)Заради обемот и сложеноста на инспекцискиот надзор, овој записник е составен во службените простории на Секторот за управен и инспекциски надзор на МК во согласност со член 82 став (3) од Законот за инспекциски надзор.

13) Со содржината на овој записник и со утврдената фактичка состојба е запознаен субјектот на надзорот, кој ИМАШЕ/НЕМАШЕ забелешки.

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk

Забелешки на претставникот на субјектот на надзорот:

Потпис на субјектот на надзорот:

овластено лице,
претседател,

Печат и потпис на инспекторот за култура:

виш инспектор

Датум: ___.7.2021 г.

Датум: 29.7.2021 г.

Доколку претставникот на субјектот на надзорот одбие да го потпише записникот, да се наведат причините за истото

Министерство за култура на
Република Северна Македонија
Ministria e Kulturës e
Republikës së Maqedonisë së Veriut

Ул. „Ѓуро Ѓаковиќ" бр. 61, Скопје
Република Северна Македонија
Rr."Gjuro Gjakoviq" nr.61, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 23240 643 и
075/273-066
www.kultura.gov.mk